**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
17-09-2016
10 4461 1

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 2 до 11 септември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 17 септември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Известувањето во дневно-информативните емисии на ТВ Канал 5 беше анализирано преку примерок од 10 изданија на Дневникот во 18 часот емитувани во периодот од 2 до 11 септември 2016 година.

Вкупно се анализирани прилози со времетраење од 6 часа и 28 секунди, од кои 5 часа 34 минути и 53 секунди се вообличени во некој од претежно информативните жанрови (пред сè извештаи, вести, вести во низа, изјави, интервјуа), а има и прилози со репортажни елементи. Коментарите и осврtите (дел од нив издвоени со посебен телоп насловен „Анализа Парламентарни избори 2016"), зафаќаат 25 минути и 35 секунди.

***<u>Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови</u>***

| ТВ КАНАЛ 5 | Траење | Процент |
|---|---|---|
| ВМРО ДПМНЕ | 00:33:09 | 9,90 % |
| СДСМ | 00:28:37 | 8,55 % |
| Влада на РМ | 00:50:39 | 15,12 % |
| Собрание на РМ | 00:01:32 | 0,46 % |
| Сојуз на Ромите од Македонија | 00:00:45 | 0,22 % |
| Други субјекти | 01:41:52 | 30,42 % |
| Претседател на РМ | 00:08:56 | 2,67 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:21:31 | 6,43 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:07 | 0,03 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:37 | 0,18 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:30:10 | 9,01 % |
| Без субјекти | 00:21:02 | 6,28 % |
| АРМ | 00:04:12 | 1,25 % |
| Локална самоуправа | 00:10:47 | 3,22 % |
| Јавно обвинителство | 00:01:18 | 0,39 % |
| Судство | 00:02:30 | 0,75 % |
| ДИК и други органи | 00:03:03 | 0,91 % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:01:08 | 0,34 % |
| Експерти/аналитичари | 00:12:58 | 3,87 % |
| | **Вкупно: 05:34:53** | **100 %** |

Најголем дел од прилозите во Дневникот во 18 часот се организирани околу субјекти методолошки вброени во категоријата *„други субјекти"* (АВМУ, претставници на Католичката црква, стопански комори, лекари од струмичката болница, Регулаторна комисија за енергетика, претставник на Етно центар Илинден, МОБ, професорката Мирјана Најчевска, поранешен пилот, Сеизмолошка опсерваторија при ПМФ, Фестивал „Браќа Манаки", Планинарско спелеолошко друштво Бистра од Кичево, проф. Саша Дукоски, медиуми, Комитет за истражување на воздухопловни несреќи, слаткарница Шарлота и др.). Следни по застапеност се Владата и органите на државната управа кои беа инволвирани во низа вистинити и релевантни активности како резултат на тоа што првиот извештаен период се совпадна со канонизирањето на Мајка Тереза во светица, чествувањето на 25-годишнината од независноста, почетокот на учебната година, со авионската несреќа близу Скопје и автобуската несреќа со македонски државјани во Турција, земјотресите во Скопје на 11 септември, со редовни акции на МВР и сл.

Што се однесува до обезбедувањето плурализам на политички гледишта и ставови, ТВ Канал 5 известува за партиски активности на два политички субјекти ВМРО ДПМНЕ и СДСМ (честопати издвоено со посебна шпица „Парламентарни избори 2016"). Се објавуваат реакциите на ВМРО ДПМНЕ и на СДСМ, честопати како изјави најавени од студиото. На реакциите на СДСМ неретко одговараат надлежни министерства и претпријатија. Други партии – Сојуз на Ромите во Македонија, ДУИ, ДПА, НСДП, Либерална партија – накусо се споменати во прилози или осврти/коментари.

Канал 5 настојува да обезбеди повеќе извори во прилозите – некои како поддршка на негативните или позитивните ставови на медиумот, на кои им се спротиставени различни или спротивни гледишта. Во осврните/коментарите презентира различни/спротиставени ставови. Такви примери се: „Зошто СЈО бара помали казни за привржаниците на СДСМ од случајот 'Шпион'?" (3 минути и 52 секунди) во кој тезата е поставена негативно за Специјалното обвинителство, поткрепено со став на експерт, на кој му е спротиставен поинаков став – повторно од експерт; во „Сорос и 'Шарените' наместо Петковски и Величковски на листите на СДСМ?" (3 минути и 10 секунди) има изјави од Уранија Пировска, извршна директорка на Хелсиншкиот комитет, Тито Петковски од НСДП и Ивон Величковски од Либералната Партија; „Кому му пречат шарените на листата на СДСМ?" (3 минути и 50 секунди) има изјави од Замир Мехмети, Павле Богоевски, прекажана е изјавата на Уранија Пировска; „Предизвиците на македонската економија 1991 – 2016" (2 минути и 47 секунди) е осврт мотивиран од јубилејниот Ден на независноста; во „Предизборни банери на СДСМ незаконски поставени на портал, СДСМ негира" (4 минути) Телевизијата го обработува прашањето давајќи информации од неколку извори; „Невработеноста на најниско ниво – мерките генерираат нови работни места" (3 минути и 50 секунди) е осврт во кој позитивниот став кон мерките на Владата се потпира со изјави на директорот на Агенцијата за вработување Влатко Поповски, податоци од ДЗС и од стопанска комора; а во „Странските инвеститори важен фактор за пад на невработеноста" (4 минути и 9 секунди) се презентираат статистички податоци и се спротиставуваат пофалбата на претседателот на ВМРО ДПМНЕ и критиката на претставник на СДСМ.

Во неколку наврати има нецелосно поклопување меѓу информацијата на телопот или во најавата и информациите од прилогот. На пример: „Најчевска со кривична пријава против Чичаковски" се најавува дека пријавата е против Чичаковски кој е предложен од СДСМ, а во прилогот се наведува дека тужбата е против ДИК; на подолг прилог за активности околу канонизацијата на Мајка Тереза стои телоп „Иницијатива на Груевски за воведување меѓународен орден за заслуги 'Мајка Тереза'", иако тоа е само дел од она за што се зборува во прилогот. Исто така, во најавата за прилогот „Предизборни банери на СДСМ незаконски поставени на портал, СДСМ негира" се вели дека „од Агенцијата за медиуми ќе преземат соодветни мерки за ваквото тешко прекршување на Изборниот законик и покрај тоа што немаат начин за контрола врз порталите и онлајн изданијата", а во прилогот се наведува дека мерка не може да се преземе, но ќе биде известена Привремената комисија.

*Табела 2: Директни обраќања на субјектите*

| ТВ КАНАЛ 5 | Траење | Процент |
|---|---|---|
| ВМРО ДПМНЕ | 00:11:32 | 8,49 % |
| СДСМ | 00:17:41 | 13,01 % |
| Сојуз на Ромите од Македонија | 00:00:27 | 0,33 % |
| Влада на РМ | 00:16:48 | 12,36 % |
| Претседател на РМ | 00:03:51 | 2,83 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:26 | 4,73 % |
| Други субјекти | 00:52:47 | 38,84 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:10:49 | 7,96 % |
| Локална самоуправа | 00:03:51 | 2,83 % |
| ДИК и други органи | 00:00:32 | 0,39 % |
| Експерти/аналитичари | 00:10:20 | 7,60 % |
| АРМ | 00:00:50 | 0,61 % |
| | **Вкупно: 02:15:54** | **100 %** |

Кај директните обраќања – најчесто се емитувани изјави од субјектите кодирани како „*други субјекти*", потоа од претставниците на СДСМ, Владата, ВМРО ДПМНЕ и органите на државната управа/ јавните претпријатија.

## *Посебни информативни емисии*

### *Други информативни програми*

На 3 септември емитувана е актуелно-информативната емисија со документаристички пристап *Во центар* со Васко Ефтов во која има интервју со Радмила Шекеринска од 2008 (за тоа дали СДСМ сака предвремени избори?), Илија Ацески, професор по социологија (зошто меѓународната заедница се врзува со опозицијата?), Мерсел Биљали, политички аналитичар (зошто и дали е близок со Заев?), Таки Фити, претседател на МАНУ (улогата и состојбата во МАНУ сега?), Јован Кованиќ, член на трилатерала, Љупчо Георгиевски, политичар, митрополити Петар и Агатангел и новинарот Бранко Ѓорѓевски.

На 4 септември, ново издание на *Во центар* во кое на тема - Политичката криза во РМ, која веќе подолго време трае, соговорници му се Љупчо Цуцуловски, универзитетски професор, Методи Чепреганов, специјалист по невропсихијатрија, Горан Накевски и Раде Славковски, татковци на момчиња загинати кај Смилковско Езеро.

На преминот меѓу 4 и 5 септември *Во центар* има интервју со Мирка Велиновска, новинарка, на тема какви ќе бидат политичките и безбедносните разврски во рамки на РМ. Други соговорници се Горан Митевски, поранешен директор на ДБК и Зоран Заев, СДСМ, Љубчо Георгиевски (извадок од интервју на бугарска телевизија), Југослав Петрушиќ, екс агент на француските служби, Бојко Борисов (архива 2013).

На 10 септември, *Во центар* е посветена на политичка анализа за предизборната состојба во Македонија, при што публиката може да ги чуе ставовите на Дарко Јаневски, главен уредник на Дневник, Мирка Велиновска, новинарка, Солза Грчева, политичарка, Насер Зибери, поранешен политичар, Дејан Лучиќ, експерт за теории на заговор, Роза Топузова Каревска, пратеничка, Исен Салиу, главен уредник на Лајм, Петар Колев, бугарски политичар ВМРО БНД, Рубин Земон, претседател на Сојузот на Балканските Египќани.

На 11 септември, темата на *Во центар* гласи: „Зошто УДБА не го елиминира Ванчо Михајлов?". Соговорници: Иван Бабамовски, поранешен агент на УДБА, Никола Србов, историчар, Красимир Каракачанов, претседател на ВМРО БНД, Божидар Спасиќ, поранешен шеф на ЈУ разузнавање, Марко Лапушина, новинар и публицист, Катерина Трајкова Нурџиева, внука на Гоце Делчев, Наташа Котлар Трајкова, Институт за национална историја.

### *Други програми*

Актуелните дневно-политички прашања се појавуваат како теми за разговор со гледачите во утринската програма *Здраво Македонијо*. На 2 септември, меѓу другите прашања се наоѓаат и „Денес треба да биде избрана новата преодна Влада, како очекувате да функционира за разлика од претходната?" и „Со какви избори може да се пофали Македонија од нејзиното осамостојување до денес?".

На 6 септември темите се: „Речиси половина година по завршувањето на тригодишниот процес за утврдување на минималната плата која кај нас изнесува 10.080 денари. Колку се граѓаните задоволни од неа и колку редовно ја добиваат?" и „Десничарските партии преговараат за формирање трет политички блок. Каква шанса имаат на избори?". Освен ова, гостува и Влатко Поповски, директор на Агенција за вработување, кој одговара на прашања на гледачи, како да се најде работа, како да се мотивираат невработените и сл. На

кајрон меѓу другото оди: „Какви се очекувањата од мерката за државни субвенции за вработување 100 лица во социјален ризик, кој може да ги користи поволностите од проектот „Македонија вработува"?.

Утрото на 7 септември на гледачите за дискусија им се понудени следниве две теми: „Два месеци од почетокот на проектот „Македонија вработува 2" до сега се вработиле вкупно 911 лица во 740 компании во државава, од нив 500 вработени се млади до 35 години, 180 лица се стари над 58 години, а 175 лица се на возраст помеѓу 35 и 55 години кои повеќе од една деценија чекаат вработување. Колку сте задоволни од функционирањето на проектот до сега? Дали верувате дека ќе се вработат преку овој проект? Колку компаниите ќе знаат и умеат да го искористат овој проект?" и „Според ДИК право на глас на изборите во декември имаат 1.770.736 граѓани. Разликата е 9.400 гласачи помалку од изборите во 2014".

За 8 септември, темата на *Здраво Македонија* е прославата на јубилејната 25-годишнина од независноста на Република Македонија со прашањата „Каде денес се наоѓа нашата земја од прогласување на нејзината независност? Каде беше тогаш Македонија, а каде е сега? По што ќе ги паметите првите 25 години од независноста на Македонија?".

На 9 септември, во јавувањата граѓаните ги изнесуваат своите ставови околу тоа: „Каква шанса имаат на избори десничарските партии кои преговараат за формирање трет политички блок? Колку е важно кој ќе победи на изборите и зошто? и Колку се задоволни од функционирањето на проектот Македонија вработува 2 до сега?"

Во извештајниот период, во две изданија на специјализираната емисија за земјоделците *Бразди* се појавуваат прашања кои ја допираат темата на мониторингот. На 4 септември, во блокот агровести, се информира дека по состанокот со винари и лозари министерот за земјоделство ветил измени на Закон за вино, и има информација дека до 30 септември лозарите и овоштарите можат електронски да аплицираат за субвенции, како и за новиот систем за наводнување капка по капка. На 11 септември, имаше информација дека над 1000 земјоделци од тиквешко аплицирале за субвенции за осигурување на своите земјоделски култури, односно земјоделците ја користат поволноста од 60% поддршка за осигурување. Исто така беше најавена и новата мерка за субвенции за ориз. Во емисијата имаше изјава на Михаил Цветков, министер за земјоделство дека Охридското Езеро ќе биде порибено со подмладок на пастрмка, најмногуброен досега.

## Член 75-б од Изборниот законик

Голем дел од времето одвоено за активностите на претставниците на власта е резултат на вистинитите и релевантни активности поврзани со настани што коинцидираа со периодот на известување, а се однесуваат на канонизирањето на Мајка Тереза за светица, 25-от Ден на независноста, почетокот на учебната година, авионската и автобуската несреќа, земјотресите во Скопје на 11 септември, редовни акции на МВР и сл. Има и неколку вистинити, но маргинални активности за кои ТВ Канал 5 известил така што не се искористени во функција на изборно медиумско претставување. Има неколку прилози за вистинити, но маргинални настани кај кои известувањето е во функција на изборно медиумско претставување:

***Дневник во 18 часот 03.09.2016***

18:30:20 – 18:32:19 „Кинеската медицина алтернатива за штипјани" – извештај чиј повод за актуелизација е посетата на министерот за здравство Никола Тодоров на Центарот за традиционална кинеска медицина во Штип;

*Дневник во 18 часот 10.09.2016*

18:17:12 – 18:19:37 „Нова медицинска опрема во ГОБ „8 Септември" – извештај, со изјава од министерот за здравство Никола Тодоров и директорот на „8 Септември" Сашо Стојчев, вистинита, но маргинална активност на власта;

18:19:37 – 18:21:43 „Се реконструира патот Средно Водно – Нерези" - извештај за вистинита, но маргинална активност на власта, со изјави од министерот за транспорт и врски Владо Мисајловски, градоначалникот на Град Скопје Коце Трајановски и уште една личност која не е идентификувана во прилогот.

Се појавуваат и прилози во кои носители на функции во политичка партија ги претставуваат проектите, политиките, активностите на власта како партиски. Такви примери се:

*Дневник во 18 часот 09.09.2016*

18:10:38 – 18:14:38 „Груевски: Историски најниска невработеност од 24%" – извештај во кој податоци од ДЗС служат како основа за изјава на Никола Груевски, кој ги поврзува политиките на Владата за отворање работни места со ВМРО ДПМНЕ;

18:14:38 – 18:17:12 „Груевски: Целосно ќе се реконструира патот Кичево – Гостивар" – најава со изјава, претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, од позиција на партиски лидер најавува нови патишта и говори за веќе објавен тендер за реконструкција на патен правец.

***Сектор за програмски работи***